РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање мислење, со кое се бара мислење при спроведување на постапка за јавна набавка за одржување на системот за зонско паркирање во ЈП Градски паркинг-Скопје, каде лицето е именуван за вршење на функцијата В.Д. директор.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси“: Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.“

Со член 72 став (1) и (2) од истиот Закон е регулирано како секое службено лице треба да постапува во ситуација кога ќе се најде во состојба на судир на интереси:

Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.“

Член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го предвидува изземањето на службените лица при постоење на судир на интереси или потенцијален судир на интереси:
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.“

Согласно член 38 став (3) од Законот за јавните набавки:
„(3) Во случај на судир на интереси кај одговорното лице, истото со посебно решение овластува друго лице од редот на функционерите или раководните службеници кај договорниот орган да ги донесе соодветните одлуки и да го потпише договорот, за што го известува органот на управување или органот кој е надлежен за контрола на неговото работење.“

Имајќи ги во предвид цитираните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за јавните набавки, Државната комисија е на став дека поради постоење на состојба на судир на интереси во овој случај, потребно е да се постапи согласно член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси а во врска со член 38 став (3) од Законот за јавните набавки.
Со оглед на тоа дека во ЈП Градски паркинг-Скопје сеуште не е назначен Управен и Надзорен одбор, за да постапи согласно член 38 став (3) од Законот за јавните набавки, Државната комисија смета дека треба да се извести органот кој го извршил именувањето на лицето за вршење на функцијата В.Д. директор на оваа институција.

При вршењето на јавни овластувања и службени должности како В.Д. директор треба да се имаат во предвид и Начелото на интегритет согласно член 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
**(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.**

Претседател,

Адем Чучуљ

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk